# Зборот е збор!

## Како се спроведува договорот од Пржино?

Јануари, 2016 Скопје

МРЕЖА 23

Издавач
Институт за европска политика (ЕПИ) - Скопје

За издавачот:
д-р Малинка Ристевска Јорданова

Лектура:
Елена Саздовска

Дизајн:
Гаја Дизајн

Проектот „Мрежа 23: Следење на Итните реформски приоритети“ е поддржан од Кралството Холандија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Kingdom of the Netherlands

Оваа публикација е составен врз основа на мониторинг на имплементацијата на Итните реформски приоритети преку мрежа 23, вклучувајќи ги следниве членови на мрежата:

## Содржина


За договорот ... 4

Улогата на меѓународната заедница: (пре)големи очекувања? ... 5

Цели и принципи на Договорот ... 5

(Не)спроведување ... 6

Влада за организација на изборите ... 6

Враќање на СДСМ во Собранието ... 7

Разрешување на скандалот со прислушувањето ... 7
-Третман на прислушуваните материјали ... 7
-Специјално јавно обвинителствоr ... 7
-Надзорна улога на Собранието ... 8

Спроведување на препораките од ЕК за реформите ... 9

Организација на изборите и изборните тела ... 10
-Доцнење на краток рок – ризици на долг рок ... 10
-Нус-производи на Договорот ... 10
-Заклучоци и Препораки ... 11

Политичкиот Договор од Пржино,[1] или Договорот од јуни/јули, како што претпочитаат да го наречат претставниците на меѓународната заедница, е уште еден договор со потпис на лидерите на четирите најголеми македонски политички партии со цел да се реши политичката криза, со помош на странскиот фактор.[2]

### [Договорот се состои од:]

Основен текст на Договорот од 2 јуни 2015 година;
Анекс на договорот од 19 јуни 2015 година;
Протокол на Договорот од 2 јуни, од 15 јули 2015 година;

Поради неуспехот, на 2 јуни, да се постигне договор околу клучните прашања за составот на „Владата во преодниот период", Анексот на Договорот само го потврдува продолжувањето на преговорите и го врзува враќањето на опозицијата во Собранието со постигнувањето договор за составот на Владата. Конечно, Протоколот на Договорот ги решава најспорните прашања на составот на „Владата во преодниот период".

Потписници на договорот се лидерите на четирите најголеми политички партии во Република Македонија: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА. На сите три дела од Договорот стојат само потписи – нема ниту имиња на потписниците, ниту на нивните партии, кои се споменуваат во самите одредби.

Партиите се обврзале да обезбедат вклученост во спроведувањето на Договорот, преку координација и консултација со „главните партии во земјата" (т. 2.). Договорот, исто така, прокламира отвореност „за потпис од заинтересираните политички партии", но таква вклученост и отвореност немаше во текот на спроведувањето на Договорот. Напротив, и преговарањето и спроведувањето се одвиваа со ексклузивно учество на четирите најголеми партии. Поради неможност да присуствуваат на преговарачката маса, на пример, за прашања поврзани со изборниот процес, дел од помалите политички партии во заедничко писмо до амбасадорите на САД и ЕУ ги презентираа своите ставови за тие прашања. Исто така, иако за дел од темите беа консултирани експерти, граѓански организации, во преговарачкиот формат – „лидерска четворка + медијатор + набљудувачи/гаранти", немаше место за присуство на други партии, ниту за претставници од цивилниот сектор, дури ни во ад хок ситуации.

1 Назив добиен според топонимот на скопската населба во која е потпишан.

2 Извештајот на ЕК ја опишува кризата користејќи го следниов вокабулар: *Оваа година Република Македонија се соочи со најлошата политичка криза од 2001 година. Политичката култура на поделби, недостатокот на компромис и пропаднувањето на политичкиот дијалог зедоа форма на континуирана и продолжена политичка криза, вклучувајќи и бојкот на Собранието од главната опозициска партија и дополнителна ерозија на довербата во јавните институции. Кризата дополнително се продлабочи со објавувањето на прислушкуваните разговори вклучително и носители на високи функции во владата што сугерираат повреда на фундаменталните права, влијание врз судската независност, медиумските слободи и изборите, политизација и корупција во различни области.*

## [ Улогата на меѓународната заедница: (пре)големи очекувања? ]

Силната улога којашто меѓународната заедница ја имаше и во постигнувањето и во спроведувањето на Договорот, не е видлива од неговите одредби. Самите претставници на ЕУ, САД и држави-членки на ЕУ, својата улога ја опишуваат главно како „помагање" или „поддршка" во разрешувањето на политичката криза.[3] Ова може да се објасни и со нивната неволност, сè до настаните во Куманово од 9. и 10. мај 2015 година, подлабоко да се вклучат во разрешувањето на кризата.

Во практиката се покажа дека реализацијата на Договорот во голема мера зависи токму од претставниците на меѓународната заедница, кои вршеа силен дипломатски притисок во секој критичен момент во текот на преговорите, како и во спроведувањето. Европската Унија е вклучена во разрешувањето на кризата преку комесарот за добрососедски односи и преговори за проширување, Јоханес Хан, кој во периодот од јуни до октомври четирипати ја посети Македонија. Секогаш тоа беше поврзано со битни и тешки моменти на „заглавување", односно пред истекот на последниот рок за исполнување одредени решенија предвидени во Договорот. Европската комисија ангажираше експерт како медијатор за спроведување на Договорот. Повремено, во преговорите се вклучени европратениците Едуард Кукан, Ричард Ховит и Иво Вајгл – главно како претходници на комесарот. Во име на САД, покрај амбасадорот, беше вклучена и помошничката на државниот секретар, Викторија Нуланд.

Во практиката, главниот товар на спроведувањето на Договорот од страна на меѓународната заедница го носи медијаторот Питер Ванхауте. Медијаторството вклучуваше и директна вмешаност во формулацијата на законите што произлегоа од Договорот. Отпрвин воздржан кон јавноста, Ванхауте во периодот од септември ги интензивираше контактите, особено со медиумите. Практично, тој беше најрелевантниот извор за текот на преговорите и спроведувањето на Договорот.

## [ Цели и принципи на Договорот ]

И покрај тоа што самиот Договор нема посебна структура и поднаслови, од содржината е видливо дека првите четири точки, како и последната точка од Протоколот, ги дефинираат неговите принципи и цели:

[ Принципите на кои се согласуваат политичките партии се:]

- Дејствување во интерес на сите граѓани и сите заедници;
- Посветеност на евроатлантските процеси и демократските принципи;
- Почитување на демократскиот принцип на политичка одговорност;
- Вклученост на сите главни политички партии, преку процес на консултација и координација;
- Почитување на договорот во целосна и добра волја; избегнување какви и да е нови препреки, вклучувајќи и во однос на одржување на изборите на 24 април 2016 година.

Главната цел на Договорот е „земјата да се изведе напред на евроатлантскиот пат".

[3] Американскиот амбасадор Џес Бејли на 15 јули го поздрави договорот што го постигнаа партиските лидери за надминување на политичката криза во Македонија: „Македонија победи. Сакам да ги пофалам лидерите што постигнаа договор и ги стави ја граѓаните пред политичките интереси на партиите. Самиот договор ќе значи многу работа, и исполнувањето на одредбите од тој договор ќе значи дека Македонија силно ќе се придвижи кон НАТО и ЕУ. Ве уверувам дека САД заедно со нашите партнери ЕУ и ОБСЕ ќе бидат заедно за да помогнат во напредокот на Македонија".

За да се постигне ова, партиите се согласуваат да работат на разрешувањето на клучните предизвици со кои се соочува земјата:

да се консолидира економскиот и демократскиот развој;
да се зајакнат меѓуетничките односи;
да се обезбеди целосно спроведување на Охридскиот договор;
да се зајакнат добрососедските односи;
да се зајакне меѓународното реноме на земјата.

Всушност, со ваквата формулација, направен е обид да се идентификуваат (прилично генерално) главните проблеми со кои се соочува државата. Со оглед на тоа што се работи за компромисен текст, вистинската причина останува премолчена. Реално, тоа е нефункционирањето на уставниот поредок на Република Македонија, а со тоа и опасност од уште поголема криза, вклучувајќи и криза од меѓуетнички карактер, со потенцијал за прелевање во регионот.

Како „лек", Договорот предвидува предвремени парламентарни избори и „преоден период" којшто треба да обезбеди услови за слободни и фер избори, целосно во согласност со европските стандарди. Датумот на изборите е определен со Протоколот на договорот – 24 април 2016 година.

**(Не)спроведување**

1. Организација на Владата за организирање избори;
2. Враќање на СДСМ во Собранието;
3. Разрешување на скандалот со прислушувањето;
4. Спроведување на препораките од ЕК за реформите;
5. Изборните тела и организација на изборите. Organization of the government that will conduct the

## [ Влада за организација на изборите ]

Не е избегнат само терминот, туку и во суштина, формирањето „преодна влада". Постигнатиот компромис е: а) во првата фаза – ограничено учество на опозицијата во Владата (само СДСМ), во неколку министерства што се сметаат значајни за организација на изборите, б) во втората фаза – повлекување на премиерот и поставување нов, на предлог на истата владејачка партија – ВМРО-ДПМНЕ.

Првата фаза се реализираше со доцнење од 18 дена. Клучното разидување беше околу овластувањата на новоименуваните министри и заменици-министри, како и правото на вето на дополнителните заменици-министри, при што ВМРО-ДПМНЕ особено настојуваше да се смалат овластувањата на министерот за внатрешни работи. (Функцијата што претставуваше најзначајна отстапка на власта во оваа фаза).

Разликите формално беа надминати со силен меѓународен притисок, по што, по итна постапка беше изменет Законот за Владата. Во практиката веќе има несогласувања околу спроведувањето на Законот. Државната изборна комисија (ДИК) го поништи ветото на дополнителниот заменик-министер за финансии (од СДСМ) на одлуката за задолжување на министерот за финансии. По ова, СДСМ подигна управен спор, бидејќи ДИК одлуката за поништување на ветото ја донела во време кога нејзиниот мандат бил истечен, а новиот состав во согласност со Договорот е формиран дури при крајот на декември 2015 година.[4]

Работата на министрите и на дополнителните заменици-министри во ресорите каде што се тие поставени е конфликтна, конфронтирачка и надгледувачка, со чести расправии во јавноста. Таквата „комуникација" негативно влијае на работата на институциите, и е во спротивност со прокламираните цели и принципи на договорот.

4 Поднесена е тужба поради незаконската одлука на стариот состав на ДИК. Веб-страница на СДСМ. 22.12.2015 г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=2&articleId=13224.

Според чекорите преземени досега, еден од главните приоритети на министрите и на дополнителните заменици-министри од СДСМ, се чини, е откривање на криминалот од страна на власта, за што сведочат поднесените кривични пријави и изјавите во јавноста.[5]

Повлекувањето на постојниот и поставувањето нов премиер од редовите на ВМРО-ДПМНЕ е (по)следната клучна и критична точка од Договорот, која сега се проблематизира, имајќи ги предвид веќе отворените дискусии за потреба од одложување на датумот на изборите, поради доцнењето во спроведувањето на обврските од Договорот.

## [ Враќање на СДСМ во Собранието ]

СДСМ се врати во Собранието во предвидениот рок – на 1 септември 2015 година, по што работните тела на Собранието беа комплетирани со нивни претставници.

## [ Разрешување на скандалот со прислушувањето]

### а) Третман на прислушуваните материјали

СДСМ ја почитуваше обврската да не објавува прислушувани материјали по потпишувањето на Договорот.

Меѓутоа, СДСМ ги предаде материјалите на специјалната јавна обвинителка дури 15 дена откако таа го побара тоа, со објаснување дека претходно немало услови тие да бидат соодветно третирани.

Надвор од одредбите на Договорот и спротивно на договореното во преговорите, пратениците на владејачката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, Крсто Мукоски и Талат Џафери поднесоа Предлог на Закон за забрана за поседување, обработка, објавување и располагање со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникациите, по скратена постапка, кој содржеше елементи на цензура. Ова предизвика бројни реакции во јавноста, особено во граѓанскиот сектор.

По интервенција на меѓународната заедница, предлагачите од владејачката коалиција го повлекоа предлог-законот, а на предлог на медијаторот Ванхауте беа донесени два закона – Закон за заштита на приватноста и Закон за заштита на укажувачите.

### б) Специјално јавно обвинителство

Профункционирањето на Специјалното јавно обвинителство останува досега најпозитивниот дел од спроведувањето на Договорот од Пржино, наспроти опструкциите, како во назначувањето на предложените обвинители (од страна на Советот на јавни обвинители), така и во обезбедувањето целосни услови за работа на ова обвинителство (од страна на Владата).

---

5 Вонреден инспекциски надзор во Центрите за социјални работи. Веб-страница на МТСП. 9.12.2015 г. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-vonreden-inspekciski-nadzor-vo-centrite-za-socijalni-raboti.nspx; Ременски поднесе кривична пријава против Спасов. МИА. 28.12.2015 г. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/134/132964460; Министерот Спасовски одржа прес-конференција и брифинг со новинарите. Веб-страница на МВР. 7.12.2015 г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1009; Соопштение за јавноста. Веб-страница на МВР. 10.12.2015г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1034; Почнуваме со откривање на злоупотребите. Веб-страница на СДСМ. 4.12.2015г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=13031.

И покрај постојаните обиди на власта да се наруши принципот на автономија на ова обвинителство,[6] оваа нова институција ги почитуваше законските рокови и во првото преземање воспостави материјална надлежност над 34 предмети, вклучително и на предметот „Пуч". Обвинителството им даде приоритет на пет предмети, меѓу кои и случајот „Пуч".

„Дамоклов меч" над работата на специјалното обвинителството е поднесеното барање за оцена на уставноста на Законот за неговото основање. Барањето сè уште не е разгледано на седница на Уставниот суд.

### в) Надзорна улога на Собранието

И покрај тоа што опозицијата претседава и со *Комисијата за надзор на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, и со Анкетната комисија за скандалот со прислушувањето,* нема реални резултати од работата на овие комисии. Комисиите немаат поднесено првични извештаи, кои беа планирани за ноември.

Преговорите за постигнување согласност во однос на Деловникот на Анкетната комисија, особено одредбите за јавноста, одзедоа повеќе време за усогласување. На поканата за сведочење пред Комисијата, како што изјави претседателот Петре Шилегов, воопшто не одговориле поранешниот министер за транспорт и врски, Миле Јанакиески, поранешната министерка за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, шефот на кабинетот на премиерот, Мартин Протогер и поранешниот директор на Управата за безбедност и разузнавање, Сашо Мијалков, додека пак премиерот Груевски својот исказ го даде зад затворени врати. Покрај премиерот, единствениот што одговори на поканата беше министерот за финансии, Зоран Ставрески, но исто како Груевски, и тој побара седницата да биде затворена за јавноста.[7] Со тоа се изгуби смислата на постоењето на Анкетната комисија, чие јавно и транспарентно работење требаше да придонесе во утврдувањето на политичката одговорност за прислушувањето, како една од целите на Договорот.

---

[6] Во својата реакција кон Предлог-законот за плати на јавните обвинители, специјалната јавна обвинителка Јанева оцени дека со одредбата што го овластува јавниот обвинител на РМ, по претходна согласност од министерот за финансии, да одлучува за додатоците на јавните обвинители во ова јавно обвинителство, се кршат воспоставените принципи на автономност и финансиска независност. Потоа, Владата достави дополнет предлог-закон, што предвидува дека додатоците, нивната висина и начинот на утврдување за Специјалното јавно обвинителство се уредуваат со акт на јавниот обвинител кој раководи со него.
По подолго одолговлекување, Собранието на РМ, на 30 декември, го усвои Предлог-законот за вработените во јавнообвинителската служба на Јавното обвинителство за гонење кривични дела што се поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесен од Владата по скратена постапка. Предлогот беше првично поднесен на 21 декември од страна на група пратеници од редовите на СДСМ, НСДП, ЛДП и ПДТ, но не стигна на дневен ред бидејќи пратениците на ВМРО-ДПМНЕ гласаа против, со образложение дека таа материја е веќе регулирана со другите закони за јавно обвинителство, јавно обвинителска служба и администрација и со предложениот Закон, ова обвинителство би било во повластена позиција.
На 25 декември, пратеникот од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски, изјави дека неговата партија „изразува сериозна резерва" во однос на дејствувањето на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, која „ прерасна во класичен инструмент на Зоран Заев". Изјавата е достапна на: http://vmro-dpmne.org.mk/?p=28618.

[7] Претседателот на Анкетната комисија, Петре Шилегов, со цел да го мотивира да сведочи јавно, пред почетокот на седницата му ги прочита на министерот Ставрески прашањата што ќе му бидат поставени. Откако Ставрески не прифати јавно сведочење, Шилегов ја прекина седницата, со став дека работата на Комисијата од страна на ВМРО-ДПМНЕ е претворена во фарса.
Шилегов: „Јавно го соопштувам распоредот на сведоци за незаконското прислушување". Веб-страница на СДСМ. 7.12.2015 г. Достапно на: http://www.sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=6&articleId=13072.

## [ Спроведување на препораките од ЕК за реформите ]

Од договорот не е јасно во која форма треба да се постигне „договор" за реформите во областите на поглавјата 23 и 24. Најавениот Акциски план на Владата за реализација на итните реформски приоритети не е објавен, ниту е познат неговиот статус. Немаше ни расправа во Собранието, како што сугерираше ЕУ. Единствено Националниот совет за евроинтеграции одржа јавна расправа за спроведувањето на итните реформски приоритети, но без подлабоко навлегување во анализа за спроведеното.

Ова е единствената точка од Договорот во која се предвидува обврска за ЕУ – да го олеснува Договорот, што се оствaруваше преку експертот – медијаторот Ванхауте. Рокот за дијалогот е одамна надминат, но сè уште не се постигнати резултати.

Не се спроведуваат препораките од Европската комисија за системските прашања од владеење на правото – итните реформски приоритети.[8]

[Дијалогот требаше да се одвива структурирано во тематските области опфатени во итните реформски приоритети: ]

- Владеење на право и правосудство;
- Деполитизација на јавната администрација;
- Изборни реформи;
- Медиуми.

Особено критична од аспект на обезбедување услови за фер избори е состојбата на медиумите, кои се под контрола на власта. Тоа го покажува и анализата на ResPublica, според која се забележува голема сличност во изборот на темите и изворите на информации, како и врамувања на вестите што се презентирани на јавниот сервис, Сител, Алфа и на Канал 5. Дополнително, анализата укажува на постоењето на говор на омраза, дискриминирачки и негативен говор и непочитување на Кодексот на новинарите. Иако преговорите за реформи во медиумскиот сектор се отпочнати, тие сè уште не даваат резултат.[9]

Факт е дека за спроведувањето на итните реформски приоритети – се одржаа консултации на двочасовен состанок на комесарот Хан со претставници на граѓанското општество, кои претходно, во организација на Делегацијата на Европската комисија, ги артикулираа своите ставови во рамките на тематски групи. Напоредно, консултации организираше и вицепремиерот за европски прашања. И покрај тоа што овие исчекори беа позитивни, не продолжи, ниту пак понатаму се развиваше практиката и форматот на консултациите.

---

[8] Реализацијата на итните реформски приоритети е анализирана во посебен документ на Мрежа 23: „Итните реформски приоритети побавни од реставрирањето на нереформските практики".

[9] Достапно на:
http://www.respublica.edu.mk/images/modem/attach/MODEMeden_18%20noemvri%20_23%20dekemvri.pdf
Дополнително: ЗНМ: Анализа на системот на медиумите во Македонија, септември 2015, достапно на:
http://www.znm.org.mk/drupal7.7/sites/default/files/Analiza%20mediumski%20sektor%20MK%20septemvri%202015_0.pdf.

## [ Организација на изборите и изборните тела ]

Овој дел од спроведувањето на Договорот одзеде многу време и енергија споредено со крајниот резултат – измени на Изборниот законик со кои се обезбедува неопходниот минимум за спроведување на Договорот од Пржино.

Реализацијата на клучните обврски од кои зависи спроведувањето на демократски избори, значително задоцни. Тоа, пред сѐ, се однесува на изборот на членовите на Државната изборна комисија, чии членови беа избрани на 15 декември 2015 година, со дури 137 дена задоцнување.
Прашање е во која мера Комисијата ќе успее да ја реализира зголемената надлежност, особено имајќи ја предвид веќе востановената култура на поделба на оваа комисија по партиски линии, наместо градење институционален идентитет, заснован врз почитувањето на демократските стандарди на изборите и меѓусебна доверба.

Еден од клучните услови за фер избори – ревизијата на Избирачкиот список не е ниту започната. Очигледен е политичкиот отпор кон оваа обврска, со оглед на тоа што според препораките на ОБСЕ/ОДИХР, ова требаше да биде завршено пред повеќе години. Точен избирачки список станува еден од клучните критериуми за овие избори.

По првичното, скромно откритие на незаконско издавање лични карти и по објавувањето на магливата афера „Фалсификувани лични карти", МВР соопшти дека по спроведена истрага, досега биле откриени 424 случаи на институционално незаконско издавање лични карти на [11]жители на Пустец, Албанија.[10]
Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, на прес-конферција соопшти дека вработени од Управата за издавање лични карти признале дека незаконското издавање го сториле по налог на своите претпоставени.

***Од суштинско значење е понатамошните активности поврзани со организација на изборите и изборните органи да доведат до обезбедување кредибилитет на изборите, а главните политички партии да ги признаат изборните резултати. Ова е клучен фактор за успех на Договорот. Во спротивно, „спорни" избори ќе бидат вовед во уште подлабока политичка криза.***

## [ Доцнење на краток рок – ризици на долг рок ]

Просечното доцнење во спроведувањето на обврските од Договорот изнесува 43,44 дена. Симптоматично е тоа што најголеми се задоцнувањата поврзани со функционирањето на Државната изборна комисија, како и со спроведувањето на итните реформски приоритети.

## [ Нус-производи на Договорот ]

Како итна мерка за да се разреши политичката криза, спроведувањето на Договорот само по себе не значи враќање на демократските процеси. Напротив, Договорот доведе до тоа одлуките да се донесуваат во тесен круг на партиски елити, со посредување на меѓународната заедница. Сите закони неопходни за спроведување на Договорот беа донесени по итна постапка. Јавноста е во голема мера исклучена од процесот. Практично, спроведувањето на Договорот има вграден „демократски дефицит" и доведе до супституција за демократијата, што може да има многу негативни последици.
Иако ваквите итни мерки може да се оправдаат со мотивот да се спречи натамошната деструкција на демократијата во Република Македонија, автократија и диктатура, тие мораат да бидат временски ограничени. Затоа, императив е колку што е можно побрзо да се спроведат клучните одредби од Договорот што влијаат на одржувањето кредибилни избори, за потоа политичките процеси да се стават во „редовен тек".

[10] Прес-конференција на министерот Спасовски; Лица без живеалиште добивале лични карти и биле во Избирачкиот список. Веб-страница на МВР. 23.12.2015 г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1143; Незаконските лични карти на жители на Пустец со адреса на станови сопственост на РМ. Веб-страница на МВР. 30.12.2015 г. Достапно на: http://www.mvr.gov.mk/vest/1186. .

## [ Заклучоци и препораки: ]

### Заклучоци:

1. Договорот од Пржино се спроведува само делумно и со решавачко влијание на меѓународната заедница за спроведување на неговите клучни одредби.

2. Суштествено не се почитуваат обврските преземени од партиите-потписнички, особено од владејачките: да се дејствува во интерес на граѓаните, како и да се преземе политичка одговорност почитувајќи ги демократските стандарди. Напротив, продолжува реализацијата на стратегијата за целосна контрола врз државните институции.

3. Принципите на Договорот суштествено не се почитуваат.

4. За успех на договорот, од суштинско значење е процесот да доведе до кредибилни избори, и резултатите од изборите да бидат признаени од страна на главните политички партии.

5. Со досегашното спроведување на Договорот, не се обезбедени услови за фер избори. Најзначајни неостварени предуслови за фер избори се:
*– прочистување на избирачкиот список;*
*– објективно известување на медиумите.*

### Препораки:

1. Преостанатите обврски од Договорот, за организација на Владата – оставката од постојниот премиер и назначување на претседател на Владата од ВМРО/ДПМНЕ, да се реализираат во предвидениот рок – 15 јануари 2016 година.

2. Со посредство на меѓународната заедница, да се потпише анекс кон Договорот, во кој ќе се постават јасни рокови и обврски за:
– пречистување на избирачкиот список;
– објективно информирање од страна на сите медиуми, не само во предизборието.
Потребно е странско експертско следење на спроведувањето на овие мерки.

3. Неопходно е, со вклученост на новинарските здруженија, да се направат соодветни измени во Законот за медиумите и на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги коишто ќе обезбедат објективно и избалансирано известување, не само во предизборниот период, туку и на долг рок.

4. Можното поместување на рокот на изборите да се врзе со:
-датумот на завршеното прочистување на Избирачкиот список, што ќе биде утврдено со посредство на ОБСЕ/ОДИХР;
-почетокот на објективен мониторинг врз информирањето на медиумите.

5. Европската комисија редовно да ја информира јавноста за своите наоди за степенот на спроведување на Договорот.

# Зборот е збор!

Институт
за
европска
политика.
Скопје